# З А П И С Н И К
**од Третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 7.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 7.6.2017 година**

Седницата започна во 18:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.
На седницата присуствуваа и Теута Арифи, градоначалник на Општина Тетово, Екрем Зендели, заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување и Марија Милкова, претставник од Центарот за управување со кризи.

Од седницата отсуствуваа д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, како и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

2. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРЕЗЕМАЊЕ НА СООДВЕТНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД НАСТАНАТИТЕ ШТЕТИ ВО ПОПЛАВЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО ПОРОЈ

3. ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАСТАНАТ КЛИМАТСКИ НЕПОВОЛЕН НАСТАН – ИЗЛЕВАЊЕ НА ПОРОЈНИ ВОДИ ОД ПОРОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ И ПРИЧИНЕТИ ШТЕТИ И ОСНОВ НА ИСПЛАТА НА ПРОЦЕНЕТИТЕ ШТЕТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОСЕВИ И КУЛТУРИ, ШТО НАСТАНАА НА 5 ЈУНИ 2017 ГОДИНА ВО ТЕТОВСКИОТ РЕГИОН

4. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

5. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Дирекцијата за заштита и спасување, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Дирекцијата за заштита и спасување, а доколку овие средства не се предвидени во буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување, истите Министерството за финансии да ги проектира со ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на соодветни мерки за заштита од настанатите штети во поплавените подрачја во Порој и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со Јавното комунално претпријатие од Тетово и Општина Тетово да го отстранат наносниот материјал и истиот да го депонираат на подрачјето на фабриката за песок која е во близина на патот Теарце-Јегуновце.

2. Армијата на Република Македонија да ги ангажира/вклучи своите инженерски служби и механизацијата за реконструкција и санирање на мостовите во овој регион.

3. Се препорачува на Општина Тетово согласно своите буџетски можности да ги обезбеди средствата потребни за реконструкција и санирање на мостовите.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за настанат климатски неповолен настан – излевање на поројни води од Порој на земјоделски површини и причинети штети  и основ на исплата на проценетите штети на земјоделски посеви и култури, што настанаа на 5 јуни 2017 година во Тетовскиот регион (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да формира комисии кои по поднесените барања за утврдување на настаната загуба, односно штета од страна на носителите на земјоделски стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, веднаш да извршат увид на лице место за настанатата загуба, односно штета од климатскиот неповолен настан и да состават записници за извршениот увид.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, веднаш да ги информира носителите на земјоделските стопанства или организации на производители, односно од неевидентираните земјоделски стопанства, во периодот од 8.6.2017 година до 16.6.2017 година да ги поднесат барањата за утврдување на настанатата загуба, односно штета до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Подрачна единица во Тетово.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да подготви и за првата наредна седница на Владата да достави Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година, во која ќе предвиди нови мерки и тоа помош за загуба предизвикана од природни непогоди и неповолен климатски настан кои се случиле во 2017 година, како и мерка дополнителна помош за загуба предизвикана од природна непогода и неповолен климатски настан во 2017 година, со утврдување на соодветни износи на средства за истите во рамките на вкупните средства обезбедени со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година.

**Точка 4**

По  оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 5</u>**

1. Владата ги разгледа и ги прифати Известувањата за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 2.5.2017 година до 8.5.2017 година, за период од 9.5.2017 година до 15.5.2017 година, за период од 16.5.2017 година до 22.5.2017 година, за период од 23.5.2107 година до 29.5.2017 година и за период од 30.5.2017 година до 5.6.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да ги достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

2. По повод укажувањето на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, а во врска со Барањето на мислење во врска со извршувањето на законските надлежности на Агенцијата за управување со одземен имот и Управниот одбор на истата, под бр. 08-1005/1 од 5.6.2017 година, Владата заклучи:

Имајќи предвид дека изборниот процес е завршен и е избрана новата Влада на Република Македонија, директорот на Агенцијата за управување со одземен имот и Управниот одбор на Агенцијата да продолжат да ги извршуваат своите надлежности, обврски и активности, согласно закон.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**